Куќен ред за влегување и престојување во училишната зграда за ученици, вработени и надворешни лица

1. Наставата започнува во 7:15 часот, а завршува во 13:15 часот (за предпладневна смена), и од 13:30 часот до 19:30 часот (за попладневна смена).

2. Учениците во училиштето влегуваат најмалку 5 минути пред започнување на првиот, односно, на четвртиот час кога се на голем одмор. Влегувањето во училници треба да биде уредно и тивко.

3. Учениците професорите треба да ги чекаат во училница на своето место, а не пред вратата или ходниците.

4. Учениците во училиштето доаѓаат педантни и пристојно облечени.

5. Учениците се должни да се однесуваат пристојно и со почит кон наставно-воспитниот кадар, административниот и техничкиот кадар во училиштето.

6. Ученикот не смее без одобрение да го напушти часот и да се задржува во санитарните простории или во ходниците. За да не се наруши текот на наставата, додека трае часот, забрането е излегување од часот и шетање низ ходници.

7. Се забранува групно и индивидуално напуштање на часови. Поради истото на учениците ке им бидат изречени педагошки мерки. Заради непочитување на оваа одредба, на учениците им се изрекуваат педагошки мерки (според Статутот на училиштето).

8. Учениците се должни да го чуваат редот, дисциплината и хигиената во училницата, училиштето и надвор од него.

9. Учениците со своето однесување не смеат да предизвикуваат конфликтни ситуации или да бидат дел од нив. Не е дозволено насилничко однесување. Најстрого се забранува предизвикување на тепачки, а меѓусебните недоразбирања учениците да ги реашааваат со посредство на класниот раководител или стручен соработник.

10. Забрането е користење мобилен телефон за време на часовите (истиот мора да биде исклучен).

11. Најстрого се забранува пушење во просториите на училиштето и училишниот двор, а непочитувањето ќе биде казнето согласно Законот.

12. Во кругот на училиштето не смеат да се внесуваат и конзумираат алкохолни пијалоци.

13. Најстрого се забранува внесување и користење на дрога во училиштето и училишниот двор.

14. Учениците не смеат со себе да носат предмети опасни по здравјето и безбедноста на луѓето.

15. Најстрого се забранува непочитување, нарушување на личноста, угледот и физичкиот интегритет на соучениците, вработените и наставниците во и надвор од училиштето.

16. Секој ученик треба да биде ценет како личност без огледа на неговите способности, талент, пол, раса, култура, традиции, националност, вероисповест и социјална положба.

17. Ученикот да има совесен, одговорен и хуман однос кон сите во училиштето.

18. Учениците не смеат да повикуваат и носат надворешни лица во училиштето и училишниот двор.

19. Учениците треба да го чуваат училишниот инвентар и наставно - нагледните средства. (Должност на сите учениците е културно и домаќински да се однесуваат кон училишниот имот, кабинетите, компјутерите, училишнииот инвентар, инсталациите и сл.).

20. Ученикот ќе ја надомести секоја направена материјална штета во училиштето, доколку штетата е направена намерно или како резултат на недисциплинирано однесување и ќе му се изрече соодветна педагошка мерка.

21. Учениците треба да се грижат и да ја чуваат електронската опрема во училиштето. По завршувањето на наставата да ја проверат исправноста на електронската опрема и по потреба да достават извештај кај одговорното лице.

22. Учениците треба да го чуваат и да не го уништуваат зеленилото во училишниот двор и ходниците.

23. Посебно место во нивниот живот и работата (во училишната зграда) треба да зазема развивањето на еколошката свест и чувањето на работната средина во и надвор од училиштето

24. Своите административни потреби учениците ги остваруваат за време на одморите.

25. Не им се дозволува на учениците без посебна потреба влегување во наставничка канцеларија, кај директорот во училиштето или во друга административна просторија.

26. Доколку наставникот отсуствува од наставниот час, претседателот на ученичката заедница на паралелката го известува дежурниот наставник помошник директорот или педагогот, психологот во училиштето кои преземаат активност да најдат соодветна замена (со друг наставник со кој учениците треба да имаат настава во работниот ден).

27. За време на големиот одмор дежурните наставници треба да бидат во холот на училиштето (таму каде што се распоредени да дежураат). Секоја неправилност што ќе се случи за време на неговото дежурство, дежурниот наставник е должен да достави извештај за соодветната неправилност.

28. Средбите родител - наставник се остваруваат во претходно утврдени термини, предложени од страна на наставниците. Класните раководители одредуваат ден и време за прием на родителите во текот на работната недела.

29. Изостанувањата учениците, нивните родители ги оправдуваат во рок од една недела. Учениците во училиштето кои се истакнуваат со својата раабота, успех и поведение, ќе бидат пофалени и наградени.

30. Пофалбите, дипломите на наградените ќе им бидат доделувани на крајот на наставната година.

31. Дисциплината на часовите ја одржува и за истата одговара предметниот наставник. Учениците кои го нарушуваат редот на часот и кои не ги почитуваат упатствата на предметниот наставник и ја нарушуваат работната атмосфера на часот по потеба се упатуваат во стручната служба, и по потреба се повикува родител.

32. За проблемите во врска со наставата или со остварување на нивните права и обврски, учениците прво разговараат и ги изнесуваат пред предметниот професор, потоа класниот раководител, педагошко - психолошката служба, класниот совет на паралелката, наставничкиот колегиум на годината и училиштето, како и директорот.

33. Надворешните лица се упатуваат на бараното место во училиштето од страна на дежурните наставници, техничкиот персонал, педагогот или психологот во училиштето или раководителот на смена или некое друго службено лице.

Претседател на Училишен одбор

_____

Сашо Илиевски

Битола, 2025 година